## 8. 7 Спироска Васил Славица, Велес-Скопје, Шиење, плетње и др.



( Славица Васил Спироска)
( Slavica Vasil Spiroska)

Мојата жена, Славица Спироска, е родена 1953 година во Титов Велес, денес Велес од родот Ќулавкови од Папрадиште. Славица, е трето дете на Васил и Невена Ќулавкови од Велес. Славица има две сестри Даница Јоновска и Катица Ќулавкова. Славица завршува Осмолетката и Гимназија во Велес. Се запишува на Економски факултет Скопје, каде завршува во 1977 година. Од 1978 година се вработува во СОК Филијала Велес, потоа, се префрлува во СОК филијала Скопје, како инспектор. Потоа, работи како финансиски директор во Македонска книга Скопје, Ким Консалтинг Скопје, Тетекс Тетово, Тетекс Банка Скопје и АТМ Ревизија, Скопје. Славица Спироска е многу голем финансиски и сметководствен стручњак, многу е одговорна во извршување на работата.

Славица, уште во најмалите ученички денови покажува склоност за плетење, шиење, везење и др. и уште како дете има сплетено за себе џемпери, сукњи и сл, а сама креира, крое и шие на машина блузи, фустани, сукњи, елеци и сл. и се облекува и како девојка, а денес и како возрасна жена од сопствените раце и секогаш е облечена модрено и уникатно. Своето знаење постепено и го пренесува на ќерката Искра, и верувам дека откога Искра купи 2009 година нова машина за шиење, дека ќе продолжат да шијат оригинални фустани и сукњи.

Како девојка, Славица многу научила од мајка и Невена да плете, везе и сл. разни милиња, чершави, перници и сл. и кога се омажи со мене, ми донесе многу оригинални работи направено од нејзините раце и од мајка и Невена и ми го обогати домот со уникатни нејзини ракотворби.



(Лешок, 28.08,1988, Славица, Огнен и Искра Спироски на Голема Богородица)
(Lesok, 28.08.1988, Slavica, Ognen and Iskra Spiroski at the Assumption )

Славица, од кога се омажи и дојде во Скопје, посебно пред и кога и се родија двете деца Огнен и Искра, скрои, сплете и соши многу-безброј пелени, џемперчиња, капчиња, фустанчиња, елечиња и децата во разни прилики ( родендени, слави, свадби, Нова година и сл. ) и беа дотерани како куклички. Ама, заедно со децата, со нејзините раце ми беше дотерана и мојата неестa Славица, а Јас, Митко Спироски, бев горд на фамилијата. А мајка ми Јорда, стрина ми Љубица и други когај ќе ги видеа ми велеа: *Блазе си ти Мите Млоѓу ти је дотерана Митејца, ама млоѓу ѓо дотерала и дејчето и детето. Алал да е на мајка е што ѓа родила.Митејца млоѓу ти је убаа неестa и млоѓу је вредна.*

Мојата невеста и до денес, 2009 година, во слободното време нешто шие или плете, така, овие месеци од кога се ожени синот Огнен, Славица сплете џемперчиња од волница за бебе, чорпчиња, капчиња, сплете и пелени и сл.

Родена сестра на мојата жена Славица Спироска, е д-р Катица Ќулавкова, која е професор на Филолошкиот факултет во Скопје и е член на Македонската академија на науки и уметности (МАНУ) во Скопје. Инаку, Ката Ќулавкова е многу плоден автор и има објавено повеќе книги од областа на поезијата, за кои има добиено и врвни награди во Македонија. Катица Ќулавкова има напишано и десетици книги од областа на македонската и светската литература, а има и напишано и објавено многу написи и текстови во разни часописи во земјата и светот. Катица Ќулавкова е преведена на неколку светски јазици, а нејзини песни и тестови се објавени во многу земји во светот.

Во продолжение давам само неколку фотографии од шиените и плетените рачни работи од вредните раце на Славица Спироска и да уживаме во оригиналноста.



( Скопје, јули 2009, Славица Спироска,плете пелена)
( Skopje,July 2009, Slavica Spiroska is knitting, waddling clothes)


(Пелена -1984, Искра Спироска и Бато Огнен )
(Waddling clothes -1984, Iskra Spiroska and the brother Ognen)



( Скопје,Александар Палас, 11.04.2009, Свадбата на Огнен и Маја Спироски, свекорот Митко и свекрвата Славица)
( Skopje,Aleksandar Palas, 11.04.2009,A wedding of Ognen and Maja Spiroski, with father-in- law Mitko and mother -in -law Slavica)



( Пелена 2009 )
(Waddling cloth 2009 )




( Пелена 1982 )
(Waddling cloth 1982 )




(Плетка- Миле-1980)
(Knitting pattern - Mile-1980)



( Калчинки за бебе-Славица Спироска,2009)
( Kalcinki (in Macedonian) for the baby -Slavica Spiroska,2009)



( Пеленче 1984 )
(Waddling cloth 1984 )



( Џемперче за бебе-2009)
( Sweeter for the baby -2009)

8. 8 Спироски Живков Митко, Лешок-Скопје, Фигури од дрво,камен, песни и др.



( Митко Живков Спироски)
( Mitko Zivkov Spiroski)

Јас, Митко Спироски, роден сум 1949 година во Лешок од родот СПИРОСКИ (Онуфриевски-Лалошои-Главинои-Византијци) од Лешок.

Митко, е трето дете на Живко и Јорда Спироски од Лешок. Митко има постара сестра Милица Трпеновска и постар брат Мирко Спироски.

Митко завршува четворто одделение во Лешок, Осмолетката во Теарце и Гимназија во Тетово.

Се запшувам на Економски факултет Скопје, каде завршувам во 1973 година.

Од 1974 година се вработувам во СОК на СРН Централа во Скопје, како инспектор, потоа, во ЗПП и Министерството за финансиии-Управа за јавни приходи на Македонија, како советник и во TEAM Консалтинг Скопје, како управител и финансиски консултатнт, проценител, ревизор и судски вештак.



( Лешок,1995, Митко и Славица Спироски,Поглед на Лешок од Кале )
( Lesok,1995, Mitko and Slavica Spiroski,A Look of Citadel)